ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-350/9
16.12.2021 год.

**До**
- Еколошко друштво ЗДРАВЕЦ 2002 Македонска Каменица;
- Здружение за екологија и заштита на животната средина ЕКО ТИМ ИСТОК Кочани;
- Невладина организација КХАМ Делчево;
- Здружение за рурален развој Локална Акциона Група МАЛЕШ – ПИЈАНЕЦ с.Негрево Пехчево;
- Здружение за хуманитарни активности СИНЕРГИЈА Штип

Врз основа член 21 став 13, став 14 и став 15 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/21 и 174/21) и член од 6 став 2, став 3 и став 4 од Одлуката за распишување на Јавен повик за избор на член во Советот за развој на Источен плански регион - претставник од здруженијата, со мандат од 4 (четири) години бр. 02-350/1 од 19.11.2021 година, Претседателот на Комисијата за спроведување на јавниот повик за избор на член во Советот за развој на Источен плански регион - претставник од здруженијата, со мандат од 4 (четири) години, упатува:

**Покана за состанок**
**до здруженијата кои се пријавиле по Јавниот повик за избор на член - претставник од здруженијата во Советот за развој на Источен плански регион**

Почитувани,

Како апликанти по Јавниот повик за избор на член - претставник од здруженијата во Советот за развој на Источен плански регион, ВЕ ПОКАНУВАМЕ НА СОСТАНОК, за ден **22.12.2021 година, со почеток во 10:00 часот,** во просториите на Центар за развој на Источен плански регион на адреса: ул.„Ванчо Прќе“ бр.119, кат 2, 2000 Штип.

На состанокот можат да учествуваат и одлучуваат (одлучувањето се однесува на здрженијата кои ги исполнуваат критериумите од јавниот повик) само овластените лица на здруженијата или лица ополномоштени од нив кои се должни да достават:
- полномошно за учество (апликантите кои не ги исполнуваат условите од јавниот повик) на состанокот на здруженијата кои се пријавиле по Јавниот повик за избор на член - претставник од здруженијата во Советот за развој на Источен плански регион, во оригинал со печат и своерачен потпис од овластеното лице, или
- полномошно за учество и одлучување (апликантите кои ги исполнуваат условите од Јавниот повик) на состанокот на здруженијата кои се пријавиле по Јавниот повик за избор на член - претставник од здруженијата во Советот за развој на Источен плански регион, во оригинал со печат и своерачен потпис од овластеното лице.

На состанокот, пријавените кандидати кои ги исполнуваат критериумите од јавниот повик, со мнозинство гласови одлучуваат кој од нив ќе ги преставува во Советот за развој на Источен плански регион, како член - претставник од здруженијата, без право на глас, со мандат од 4 (четири) години.

Здруженија кои ги исполнуваат критериумите од јавниот повик се:
- Еколошко друштво ЗДРАВЕЦ 2002 Македонска Каменица;
- Здружение за екологија и заштита на животната средина ЕКО ТИМ ИСТОК Кочани;
- Невладина организација КХАМ Делчево;
- Здружение за рурален развој Локална Акциона Група МАЛЕШ – ПИЈАНЕЦ с.Негрево Пехчево.

16.12.2021 година

Со почит,

Комисија за спроведување на Јавен повик за избор на член во Советот за развој на Источен плански регион - претставник од здруженијата
Претседател,
Никола Илиев

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ШТИП